Архивски број: 04-126/34

Датум : 26.08.2026

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23 точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), а во врска со јавниот оглас бр. 01/2026, В.Д. Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Психолог по пат на јавен оглас

1.По јавниот оглас број 01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 1. **Психолог**, шифра на работно место СО30303А04010, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола од предложената ранг- листа се избира следниот кандидат:

1. Јасна Димитровска.

2.Избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе заснова работен однос во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола со потпишување на Договор за вработување, по конечноста на Одлуката за избор.

3.Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата(domazadoencinjabitola.mk).

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен јавен оглас бр.01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 17.08.2026 година и траеше три работни дена.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Како дел од работните места за кои се објави јавниот оглас беше и работното место Психолог, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства, за еден извршител.

Со Решение број 04-126/17 од 18.08.2026 година, формирана е Комисија за селекција за вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:

-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и

-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-126/29 од 24.08.2026 година, утврдено е дека се пристигнати две пријави за вработување на работно место Психолог кои ги исполнуваат општите и посебните услови од јавниот оглас и истите се поканети на интервју на ден 25.08.2026 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-126/30 од 25.08.2026 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Психолог бр.04-126/31 од 25.08.2026 година и истите ги достави до В.Д. Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-126/29 од 24.08.2026 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-126/30 од 25.08.2026 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Психолог бр.04-126/31 од 25.08.2026 година од Комисијата за селекција за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведениот кандидат ќе заснива работен однос на неопределено време во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com